Република Северна Македонија
Општина Новаци

Бр. 08-124/1

03.02.2026 год.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.05/02 и Сл. Весник на РСМ бр.202/24), член 62 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Новаци („Сл.гласник на Општина Новаци" бр. 07/19 и бр.16/24), Правилникот бр.14-60/6 од 27.01.2026 година донесен од страна Советот на Општина Новаци, Програмата за Локален економски развој на Општина Новаци за 2026 година бр.14-921/7 од 15.12.2025 г., Градоначалникот на Општина Новаци објавува:

ЈАВЕН ПОВИК

За користење на финансиски средства од буџетот на Општина Новаци за 2026 година, за добивање на субвенција на млади лица – жители на Општина Новаци, за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија, согласно Програмата за Локален Економски Развој, Општина Новаци за 2026 година

Содржина на јавниот повик

Финансиските средства предвидени во Програмата за Локален Економски Развој од Буџетот на Општина Новаци за 2026 година во износ од 300 000,00 денари, ќе се доделуваат на корисниците, барателите млади лица до 26 годишна возраст, жители на Општина Новаци, по принципот прв дојден, прв услужен до исцрпување на средствата.
На барателот/физичкото лице што ги исполнува критериумите на овој јавен повик ќе му се надоместат дел од трошоците направени за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија во висина од 10.000,00 денари **нето од ставка 464 990 – Други трансфери Програма А0 Совет на Општина**. Средствата по барањето ќе се исплатат по доставување на доказ за помината обука од автошкола потребна за полагање на возачки испит за добивање на возачка дозвола од Б категорија до комисијата во Општина Новаци. Доколку барателот не ја достави соодветната документација по поднесеното барање согласно јавниот повик најдоцна до 1 Декември во тековната година, го губи правото на субвенционирање и предвидените средства нема да му бидат исплатени.
Јавниот повик трае 90 дена од денот на објавувањето.

Право на поднесување на барање

Право на поднесување барање односно користење на финансиски средства имаат физичките лица т.е млади лица до 26 годишна возраст со постојано живеалиште во Општина Новаци кои ќе поднесат барање со потребната документација од денот на објавувањето на јавниот повик до денот на завршување на повикот.

Критериуми за физичките лица кои ќе поднесат барање на овој повик се:

♣ Да се жители на Општина Новаци со постојано престојувалиште во Општина Новаци;
♣ Да достават доказ за обука од автошкола потребна за полагање на возачки испит за добивање на возачка дозвола од Б категорија .

Потребна документација:

- фотокопија од лична карта од барателот или на еден од родителите на барателот;
- фотокопија од трансакциска сметка на барателот или на еден од родителите на барателот;
- Потврда од Автошкола, за упис на кандидат за возач на возило;
- Доказ дека е направена уплата (платена рата или целосен износ) за обука во автошколата во рокот за аплицирање прецизиран во објавениот јавен повик;
- Потврда издадена од Министерство за внатрешни работи, Оддел за граѓански работи, Сектор за управно надзорни работи, Отсек за управни работи, издадена врз основа на евиденција за живеалиште, престојувалиште и лични карти дека младите лица или нивните родителите имаат пријавено адреса на живеење на територија на Општина Новаци и дека истите немаат пријавено престој надвор од Општина Новаци или надвор од Република Северна Македонија
- И З Ј А В А заверена на нотар за согласност за користење на личните податоци.

Поднесување на барањето:

Барањето со пропратната документација треба да биде доставено во затворен плик.
Рокот за поднесување на пријавите е 180 дена (6 месеци) од објавувањето на јавниот повик сметано од 03.02.2026 година а заклучно до 02.08.2026 година, секој работен ден од 07:30 до 15:30 часот.
Пријавата со целокупната документација треба да се достави преку пошта или лично до архива на адреса:
Општина Новаци,
ул.1 ва бр. б.б,
7211 Новаци

На пликот во горниот лев агол треба да стои: „Не отварај“, а во долниот десен агол: “Јавен повик за надоместување на дел од трошоците на физички лица за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија.“

Напомена: Пријавите пристигнати по истекот на предвидениот рок нема да се разгледуваат.
Доставените прилози не се враќаат.
Физичките лица/Барателите ќе бидат известени за резултатите во рок од 15 дена од денот на донесување на Решението за субвенционирање на физички лица-жители на општина Новаци за обука, полагање и добивање на возачка дозвола од Б категорија.

Лице за контакт:
Катерина Чукалевска
советник за пишување проекти – Одделение за ЛЕР

Тел: 047 20 30 60
E-Mail: opstina@opstinanovaci.gov.mk novacio@t.mk
ОПШТИНА НОВАЦИ

ГРАДОНАЧАЛНИК
На Општина Новаци
Стевче Стевановски